Друштво за производство трговија и услуги ПАРТНЕР-ЈЈ ДОО
Бр. 04-97/18
26.02.2018 год.
Кочани

Трговско друштво за вработување на инвалидни лица Заштитно друштво за производство, трговија и услуги АЛЕ-ДАР увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 01-271/18
26.02.2018 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство, трговија и услуги МЕСМОН ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05-36/1
26.02.2018 год.
Кочани

# Рамковна спогодба
## (повеќекратна)

***Склучена на ден 23.02.2018 година, помеѓу:***

**1.** ***Општина Кочани***, со седиште на ул. „ Раде Кратовче “ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган – Општина Кочани ( во понатамошниот текст : ***Корисник на услугата***) и

**2.** ***„ Але Дар “ ДООЕЛ Кочани, ресторан Але Дар***, со седиште на ул. " Лазар Андонов" бр.71, Кочани, застапувано од Управителот Лила Алексова, со ЕДБ:4013001113738 и ЕМБС: 5514614 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**3.** ***„ Политехна-Компани “ ДООЕЛ Кочани, гостилница Осоговски Конак Поникова***, со седиште на ул.„ 8-ми Септември“ бр.44-Кочани, застапувано од Управителот Владо Стојанов, со ЕДБ:4013006123600 и ЕМБС:6145175 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**4.** ***„ Центро-бизнис 92 “ ДООЕЛ Виница, угостителски објект Центро-бизнис 92 Виница***, со седиште на ул.„ Кочански пат “ бб Виница, застапувано од Управителот Марија Панова, со ЕДБ:4005002105426 и ЕМБС:5715199 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**5.** ***„ Месмон “ ДООЕЛ Кочани, Ресторан Аква***, со седиште на ул.„ Крижевска “ бр.26 Кочани, застапувано од Управителот Татјана Теохарева Монева, со ЕДБ:4013011507432 и ЕМБС: 6730086 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**6.** ***„ Партнер- ЈЈ “ ДОО Кочани, Ресторан Амор***, со седиште на ул.„ Крижевска “ бр.15 Кочани, застапувано од Управителот Огњан Јовиќ, со ЕДБ:4013015512520 и ЕМБС: 7028253 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***)

***Предмет на Рамковната спогодба***

**Член 1**

Предмет на оваа повеќекратна Рамковна спогодба е набавка на ресторански услуги, односно набавка на услуги за

***Дел 2 – ресторански ( храна и пијалак )***

од предметот на набавка

***Набавка на хотелски и угостителски услуги на подрачје на општина Кочани***

по спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги, согласно чл.17 ст.1 алинеја 2 и став 3 од Законот за јавните набавки, по Оглас бр.05-2402/4/2017 објавен на ЕСЈН, во дел Други огласи, категорија на услуги бр.17 од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, за доделување на договор - Рамковна спогодба со повеќе економски оператори (повеќекратна), а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05 - 2402 / 2 од 27.12.2017 година.

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација бр.05 - 2402/3/2017 година, изработена од Корисникот на услугата за спроведување на конкретната постапка.

***Извор на средства и вредност на Рамковната спогодба (повеќекратна)***

**Член 2**

Средствата за реализација на услугите од конкретната јавна набавка, се обезбедени од програмите во Буџетот на Општина Кочани за 2018 год., ставка 426 и 420 .

Друштво за производство ... Центро-бизнис 92
Бр. 0307/17-2
26.02.2018 год.
ВИНИЦА

ДПТУ ПОЛИТЕХНА-КОМПАНИ ДООЕЛ Подружница - угостителски објект ОСОГОВСКИ КОНАК
Бр. 02/18
26.II.2018 год.
Кочани

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-184/21
26.02.2018 год.
КОЧАНИ

**Член 3**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-2402/1 од 27.12.2017 год., вкупната договорена вредност што може да се плати по оваа Рамковна спогодба за ДЕЛ 2 од предметот на набавката, изнесува 762.711,86 ден. без вклучен ДДВ 18 %, односно вкупната вредност на оваа Рамковната спогодба (повеќекратна), изнесува 900.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.

Вредноста за секоја конкретно извршена услуга ќе се утврдува согласно важечкиот ценовник ( мени ) комерцијално достапен кај Давателот на услугата во моментот на вршење на услугата од страна на Корисникот на услугата, намалена за понудениот рабат (попуст- изразен во проценти), односно :

- за извршена услуга од *„ Але Дар " ДООЕЛ Кочани, ресторан Але Дар,* рабатот изнесува 15 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Политехна-Компани " ДООЕЛ Кочани, гостилница Осоговски Конак Пониква,* рабатот изнесува 10 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Центро-бизнис 92 " ДООЕЛ Виница, угостителски објект Центро-бизнис 92 Виница,* рабатот изнесува 20 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Месмон " ДООЕЛ Кочани, Ресторан Аква,* рабатот изнесува 10 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Партнер- ЈЈ " ДОО Кочани, Ресторан Амор,* рабатот изнесува 10 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата.

Заради утврдување на вредноста на конкретно извршена услуга, секоја од страните во Рамковната спогодба има доставено со понудата ценовник (мени), комерцијално достапен кај Давателот на услугата во моментот на поднесување на понудата. За истата цел, страните во Рамковната спогодба се должни во рок од три дена, сметано од денот на промената на редовно важечкиот ценовник, комерцијално достапен, во текот на целото времетраење на важењето на Рамковната спогодба, да го известат Корисникот на услугата со доставување на новиот ценовник (мени), заради пресметување на утврдениот попуст (рабат) при вршење на конкретна услуга. Во спротивно попустот ќе биде пресметан на цените од ценовникот (мени) доставен со понудата.

Доколку цените за извршената услуга во важечкиот ценовник (мени) комерцијално достапен, во моментот на реализирање на потребата на Корисникот на услугата се разликуваат во однос на цените од доставениот ценовник (мени) со понудата, а при тоа Давателите на услугата го немаат доставено кај Корисникот на услугата новиот важечки ценовник (мени) комерцијално достапен, вредноста на извршената услуга ќе се утврди согласно цените од ценовникот (мени) доставен со понудата, намалена за понудениот попуст ( рабат).

Проверка на цените ќе врши лице задолжено/овластено од Корисникот на услугата, и веродостојноста на истите ќе биде потврдена со финансиска реализација на поднесената исплатна документација. Во спротивно плаќањето нема да се изврши.

Корисникот на услугата не е должен во целост да ја исполни проценетата вредност за предметот на набавката.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-124/21
20__ год.
КОЧАНИ

*Начин и рок на плаќање*

**Член 4**

Доколку вредноста на поединечна услуга не надминува 18.000,00 ден. без ДДВ ( со вкалкулиран попуст ), плаќањето може да се изврши врз основа на обезбедена фискална сметка или фактура од Давателот на услугата ( страна во Рамковната спогодба) со прилог испратница, која ќе се смета како посебен договор, склучен во рамките на Рамковната спогодба.

Доколку вредноста на поединечна услуга надминува 18.000,00 ден. без ДДВ ( со вкалкулиран попуст ), плаќањето ќе се изврши врз основа на склучен посебен договор на начин утврден во чл.5 од оваа Рамковна спогодба и добиена фактура за обезбедени услуги, со прилог испратница.

Исплатната документација може да се доставува на месечна основа, а плаќањето ќе се изврши во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од денот на доставување на истата во архивата на Корисникот на услугата.

ДДВ во исплатната документација, ке биде посебно изразен.

*Начин и рок на извршување на услугата*

**Член 5**

За поединечна услуга со проценета вредност до 18.000,00 ден. ( со вкалкулиран попуст), обезбедувањето на услугата заради задоволување на конкретната потреба на Корисникот на услугата може да се изврши од било кој Давател на услугата, страна во оваа Рамковна спогодба.

За таа цел, во зависност од настанот, пригодата или поводот, како и од бројот и структурата на гостите, Корисникот на услугата, навремено ( минимум два часа пред реализација на услугата), со сите неопходни информации, телефонски или по пат на електронска пошта ќе ја извести страната во Рамковната спогодба, кој според конкретната потреба е соодветна за обезбедување на таа услуга. Давателот на услугата е должен на денот и часот на настанот да резервира маса, да ги сервира храната и пијалоците, кои ќе бидат побарани од Корисникот на услугата, како е и должен да ги превземе сите останати активности кои одговараат на природата на предметната услуга.

За поединечна услуга со проценета вредност која надминува 18.000,00 ден. ( со вкалкулиран попуст ), обезбедувањето на услугата заради задоволување на конкретната потреба на Корисникот на услугата ќе се изврши од најповолниот по цена Давател на услугата, страна во Рамковната спогодба.

За таа цел, обезбедувањето на конкретната услуга ќе се врши со претходно поднесено барање до сите страни во оваа Рамковна спогодба. Барањето ќе содржи количина, период, вид на услуга ( ручек, вечера, кетеринг, шведска маса, коктел, сместување, традиционална храна...), опис на настанот, профилот и структурата на гостите, целта за која треба да се обезбеди истата... По добиеното барање, секоја страна во Рамковната спогодба која е заинтересирана за обезбедување на услугата, треба да понуди конкретна цена, со вкалкулираниот попуст од Рамковната спогодба (крајна цена), и по составен записник од Комисијата за јавни набавки со констатација за добиените понуди и понудената цена, Корисникот на услугата ќе склучи посебен договор со страната од Рамковната спогодба која понудила **најниска цена** за конкретната услуга, а другите Даватели на услугата за исходот од постапката ќе бидат известени во рок од 24 часа по склучување на посебниот договор.

Барањето, со сите неопходни информации ќе се достави по пат на електронска пошта (заради побрза комуникација), во моментот кога ќе се јави потребата кај Корисникот на услугата, а Давателот на услугата е должен да одговори на барањето во рок од 24 часа, за да во рок од три дена по констатацијата на понудата со најниска цена се склучи посебен договор за реализација на конкретната услуга.

Целата комуникација помеѓу Корисникот на услугата и страните во Рамковната спогодба, се до склучувањето на посебниот договор, ќе се одвива по пат на електронска пошта (маил), а договорот ќе се склучи во писмена форма (на хартија).

Корисникот на услугата нема обврска да обезбедува услуги од сите страни во Рамковната спогодба, бидејќи реализацијата ќе зависи од профилот на услугата која ќе се бара во моментот на задоволување на конкретната потреба на Корисникот на услугата.

***Времетраење на важноста на Рамковната спогодба***

**Член 6**

Рамковната спогодба е со времетраење од 1 (една) година, сметано од денот на потпишувањето на истата од сите договорни страни.

*Потрошените средства за предметот на набавка ќе се пресметуваат на квартално ниво и доколку дојде до вредносно исполнување на Рамковните спогодби (исцрпување на средствата) пред утврденото времетраење на важност од ст.1 на овој член, истата ќе престане да важи од тој момент.*

***Договорна казна***

**Член 7**

Давателот на услугата (страна во Рамковната спогодба) ќе му плати на Корисникот на услугата (договорна казна) ако:

- не ја исполни својата обврска или
- задоцни со нејзино исполнување

Во случај на задоцнување со извршување на конкретната услуга, Корисникот на услугата има право на исполнување на обврската и на договорна казна

Договорната казна се определува во висина од 5 % (проценти) од вредноста на неизвршената услуга, за секој ден задоцнување, ако извршување на услугата не заврши во утврдениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 20 % (проценти) од вкупната вредност на истата.

Во случај на неисполнување на обврската, Корисникот на услугата може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Корисникот на услугата го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Давателот на услугата од одговорност за евентуално претрпена штета на Корисникот на услугата.

***Виша сила***

**Член 8**

Договорните страни се согласни ниту една страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од оваа Рамковна спогодба кои се предизвикани од виша сила.

Договорната страна се обврзува писмено да ја извести другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и страните ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на оваа Рамковна спогодба .

**Член 9**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од оваа Рамковна спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите на оваа Рамковна спогодба можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на истата.

Дополнувањата и/или измените се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од сите договорни страни.

**Член 10**

За сѐ што не е предвидено со оваа Рамковна спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во РМ.

**Член 11**

Во случај на спор по оваа Рамковна спогодба, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 12**

Оваа повеќекратна Рамковна спогодба е составена во 14 ( четиринаесет ) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примерока за Корисникот на услугата, а по 2/два/ примерока за Давателот на услугата.

***за Даватели на услугата ,***

***„ Але Дар " ДООЕЛ Кочани, ресторан Але Дар,***
***Управител ,***

***______________________***
***( Лила Алексова )***

***„ Политехна-Компани " ДООЕЛ Кочани,***
***гостилница Осоговски Конак Пониква,***
***Управител,***

***______________________***
***( Владо Стојанов )***

***„ Центро-бизнис 92 " ДООЕЛ Виница,***
***угостителски објект Центро-бизнис 92 Виница,***
***Управител,***

***______________________***
***( Марија Панова )***

***„ Месмон " ДООЕЛ Кочани, Ресторан Аква***
***Управител,***

***______________________***
***( Татјана Теохарева Монева )***

***„ Партнер- ЈЈ " ДОО Кочани, Ресторан Амор***
***Управител,***

***______________________***
***( Огњан Јовиќ )***

***за Корисник на услугата ,***
***Градоначалник,***

***______________________***
***( Николчо Илијев )***

***Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки -Силвана Благонова***
***Согласен: Раководител на одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков***

ДПТУ ПОЛИТЕХНА-КОМПАНИ ДООЕЛ
Подружница - угостителски објект
ОСОГОВСКИ КОНАК
Бр. 01/18
26.II. 2018 год.
Кочани

Трговско друштво за вработување на инвалидни лица
Заштитно друштво за производство, трговија и услуги
АЛЕ-ДАР увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 01-28/18
26.02 2018 год.
КОЧАНИ

Трговско друштво за вработување на инвалидни лица
Заштитно друштво за производство, трговија и услуги
ЛЕДЕР-ЛТД ДООЕЛ
Бр. 05/18
26.02 2018 год.
КОЧАНИ

# Рамковна спогодба

***(повеќекратна)***

***Склучена на ден 26.02.2018 година, помеѓу:***

**1.** ***Општина Кочани***, со седиште на ул. „ Раде Кратовче " бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган – Општина Кочани ( во понатамошниот текст : ***Корисник на услугата***) и

**2.** ***„ Але Дар " ДООЕЛ Кочани, Хотел Але Дар***, со седиште на ул. " Лазар Андонов" бр.71, Кочани, застапувано од Управителот Лила Алексова, со ЕДБ:4013001113738 и ЕМБС: 5514614 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**3.** ***„ Политехна-Компани " ДООЕЛ Кочани, Мотел Осоговски Конак - Поникава***, со седиште на ул.„ 8-ми Септември" бр.44-Кочани, застапувано од Управителот Владо Стојанов, со ЕДБ:4013006123600 и ЕМБС:6145175 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**4.** ***„ Центро-бизнис 92 " ДООЕЛ Виница, Хотел Центро-бизнис 92 Виница***, со седиште на ул.„ Кочански пат " бб Виница, застапувано од Управителот Марија Панова, со ЕДБ:4005002105426 и ЕМБС:5715199 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**5.** ***„ Еуро Хотел Градче " ДОО, Долно Градче Кочани, Хотел Градче***, со седиште на ул.„ Населено место без уличен систем " бр.1 Долно Градче, застапувано од Управителот Тоше Стојановски, со ЕДБ:4013014510744 и ЕМБС: 6923267 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***),

**6.** ***„ Ледер ЛТД " ДООЕЛ Кочани, Хотел Ледер***, со седиште на ул.„ 29-ти Ноември" бб Кочани, застапувано од Управителот Драгослав Здравков, со ЕДБ:4013006123146 и ЕМБС: 6123465 (во понатамошниот текст : ***Давател на услугата***)

***Предмет на Рамковната спогодба***

**Член 1**

Предмет на оваа повеќекратна Рамковна спогодба е набавка на хотелски услуги, односно набавка на услуги за

***Дел 1- хотелски (сместување – ноќевање и доручек)***

од предметот на набавка

***Набавка на хотелски и угостителски услуги на подрачје на општина Кочани***

по спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги, согласно чл.17 ст.1 алинеја 2 и став 3 од Законот за јавните набавки, по Оглас бр.05-2402/4/2017 објавен на ЕСЈН, во дел Други огласи, категорија на услуги бр.17 од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, за доделување на договор - Рамковна спогодба со повеќе економски оператори (повеќекратна), а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05 - 2402 / 2 од 27.12.2017 година.

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација бр.05 - 2402/3/2017 година, изработена од Корисникот на услугата за спроведување на конкретната постапка.

***Извор на средства и вредност на Рамковната спогодба (повеќекратна)***

**Член 2**

Средствата за реализација на услугите од конкретната јавна набавка, се обезбедени од програмите во Буџетот на Општина Кочани за 2018 год., ставка 426 и 420 .

Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО ХОТЕЛ ГРАДЧЕ ДОО
Бр. 0306/18-17
26.02 2018 год.
Долно Градче Кочани 2

Друштво за производство, трговија и услуги
Центро-Бизнис 92
Бр. 0307/17-1
26.02 2018
ВИНИЦА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-184/20
26.02 2018 год.
КОЧАНИ

**Член 3**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-2402/1 од 27.12.2017 год., вкупната договорена вредност што може да се плати по оваа Рамковна спогодба за ДЕЛ 1 од предметот на набавката, изнесува 380.952,38 ден. без вклучен ДДВ 5%, односно вкупната вредност на оваа Рамковната спогодба (повеќекратна), изнесува 400.000,00 ден. со вклучен ДДВ 5 %.

Вредноста за секоја конкретно извршена услуга ќе се утврдува согласно важечкиот ценовник, комерцијално достапен кај Давателот на услугата во моментот на вршење на услугата од страна на Корисникот на услугата, намалена за понудениот рабат (попуст-изразен во проценти), односно :

- за извршена услуга од *„ Але Дар " ДООЕЛ Кочани, Хотел Але Дар,* рабатот изнесува 15 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Политехна-Компани " ДООЕЛ Кочани, Мотел Осоговски Конак Поникова,* рабатот изнесува 10 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Центро-бизнис 92 " ДООЕЛ Виница, Хотел Центро-бизнис 92 Виница,* рабатот изнесува 20 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Еуро Хотел Градче " ДОО, Долно Градче Кочани, Хотел Градче,* рабатот изнесува 10 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата,
- за извршена услуга од *„ Ледер ЛТД " ДООЕЛ Кочани, Хотел Ледер,* рабатот изнесува 10 % на цените без ДДВ, од редовниот важечки ценовник на услугите кои ги нуди во моментот на реализација на потребата на Корисникот на услугата.

Заради утврдување на вредноста на конкретно извршена услуга, секоја од страните во Рамковната спогодба има доставено со понудата ценовник, комерцијално достапен кај Давателот на услугата во моментот на поднесување на понудата. За истата цел, страните во Рамковната спогодба се должни во рок од три дена, сметано од денот на промената на редовно важечкиот ценовник, комерцијално достапен, во текот на целото времетраење на важењето на Рамковната спогодба, да го известат Корисникот на услугата со доставување на новиот ценовник , заради пресметување на утврдениот попуст (рабат) при вршење на конкретна услуга. Во спротивно попустот ќе биде пресметан на цените од ценовникот доставен со понудата.

Доколку цените за извршената услуга во важечкиот ценовник, комерцијално достапен, во моментот на реализирање на потребата на Корисникот на услугата се разликуваат во однос на цените од доставениот ценовник со понудата, а при тоа Давателите на услугата го немаат доставено кај Корисникот на услугата новиот важечки ценовник, комерцијално достапен, вредноста на извршената услуга ќе се утврди согласно цените од ценовникот доставен со понудата, намалена за понудениот попуст ( рабат).

Проверка на цените ќе врши лице задолжено/овластено од Корисникот на услугата, и веродостојноста на истите ќе биде потврдена со финансиска реализација на поднесената исплатна документација. Во спротивно плаќањето нема да се изврши.

Корисникот на услугата не е должен во целост да ја исполни проценетата вредност за предметот на набавката.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1584/5
Кочани

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Доколку вредноста на поединечна услуга не надминува 18.000,00 ден. без ДДВ ( со вкалкулиран попуст ), плаќањето може да се изврши врз основа на обезбедена фискална сметка или фактура од Давателот на услугата ( страна во Рамковната спогодба) со прилог испратница, која ќе се смета како посебен договор, склучен во рамките на Рамковната спогодба.

Доколку вредноста на поединечна услуга надминува 18.000,00 ден. без ДДВ ( со вкалкулиран попуст ), плаќањето ќе се изврши врз основа на склучен посебен договор на начин утврден во чл.5 од оваа Рамковна спогодба и добиена фактура за обезбедени услуги, со прилог испратница.

Исплатната документација може да се доставува на месечна основа, а плаќањето ќе се изврши во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од денот на доставување на истата во архивата на Корисникот на услугата.

ДДВ во исплатната документација, ќе биде посебно изразен.

***Начин и рок на извршување на услугата***

**Член 5**

За поединечна услуга со проценета вредност до 18.000,00 ден. ( со вкалкулиран попуст), обезбедувањето на услугата заради задоволување на конкретната потреба на Корисникот на услугата може да се изврши од било кој Давател на услугата, страна во оваа Рамковна спогодба.

За таа цел, во зависност од настанот, пригодата или поводот, како и од бројот и структурата на гостите, Корисникот на услугата, навремено ( минимум два дена пред реализација на услугата), со сите неопходни информации, телефонски или по пат на електронска пошта ќе ја извести страната во Рамковната спогодба, кој според конкретната потреба е соодветна за обезбедување на таа услуга. Давателот на услугата е должен на денот и часот на настанот да резервира соба, да го организира сместувањето кое ќе биде побарано од Корисникот на услугата, како е и должен да ги превземе сите останати активности кои одговараат на природата на предметната услуга.

За поединечна услуга со проценета вредност која надминува 18.000,00 ден. ( со вкалкулиран попуст ), обезбедувањето на услугата заради задоволување на конкретната потреба на Корисникот на услугата ќе се изврши од најповолниот по цена Давател на услугата, страна во Рамковната спогодба.

За таа цел, обезбедувањето на конкретната услуга ќе се врши со претходно поднесено барање до сите страни во оваа Рамковна спогодба. Барањето ќе содржи количина, период, вид на услуга, опис на настанот, профилот и структурата на гостите, целта за која треба да се обезбеди истата... По добиеното барање, секоја страна во Рамковната спогодба која е заинтересирана за обезбедување на услугата, треба да понуди конкретна цена, со вкалкулираниот попуст од Рамковната спогодба (крајна цена), и по составен записник од Комисијата за јавни набавки со констатација за добиените понуди и понудената цена, Корисникот на услугата ќе склучи посебен договор со страната од Рамковната спогодба која понудила **најниска цена** за конкретната услуга, а другите Даватели на услугата за исходот од постапката ќе бидат известени во рок од 24 часа по склучување на посебниот договор.

Барањето, со сите неопходни информации ќе се достави по пат на електронска пошта (заради побрза комуникација), во моментот кога ќе се јави потребата кај Корисникот на услугата, а Давателот на услугата е должен да одговори на барањето во рок од 24 часа, за да во рок од три дена по констатацијата на понудата со најниска цена се склучи посебен договор за реализација на конкретната услуга.

Целата комуникација помеѓу Корисникот на услугата и страните во Рамковната спогодба, се до склучувањето на посебниот договор, ќе се одвива по пат на електронска пошта (маил), а договорот ќе се склучи во писмена форма (на хартија).

Корисникот на услугата нема обврска да обезбедува услуги од сите страни во Рамковната спогодба, бидејќи реализацијата ќе зависи од профилот на услугата која ќе се бара во моментот на задоволување на конкретната потреба на Корисникот на услугата.

***Времетраење на важноста на Рамковната спогодба***

**Член 6**

Рамковната спогодба е со времетраење од 1 (една) година, сметано од денот на потпишувањето на истата од сите договорни страни.

*Потрошените средства за предметот на набавка ќе се пресметуваат на квартално ниво и доколку дојде до вредносно исполнување на Рамковните спогодби (исцрпување на средствата) пред утврденото времетраење на важност од ст.1 на овој член, истата ќе престане да важи од тој момент.*

***Договорна казна***

**Член 7**

Давателот на услугата (страна во Рамковната спогодба) ќе му плати на Корисникот на услугата (договорна казна) ако:

- не ја исполни својата обврска или
- задоцни со нејзино исполнување

Во случај на задоцнување со извршување на конкретната услуга, Корисникот на услугата има право на исполнување на обврската и на договорна казна .

Договорната казна се определува во висина од 5 % (проценти) од вредноста на неизвршената услуга, за секој ден задоцнување, ако извршување на услугата не заврши во утврдениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 20 % (проценти) од вкупната вредност на истата.

Во случај на неисполнување на обврската, Корисникот на услугата може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Корисникот на услугата го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Давателот на услугата од одговорност за евентуално претрпена штета на Корисникот на услугата.

***Виша сила***

**Член 8**

Договорните страни се согласни ниту една страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од оваа Рамковна спогодба кои се предизвикани од виша сила.

Договорната страна се обврзува писмено да ја извести другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и страните ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на оваа Рамковна спогодба .

**Член 9**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од оваа Рамковна спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите на оваа Рамковна спогодба можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на истата.

Дополнувањата и/или измените се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од сите договорни страни.

**Член 10**

За сѐ што не е предвидено со оваа Рамковна спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во РМ.

**Член 11**

Во случај на спор по оваа Рамковна спогодба, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 12**

Оваа повеќекратна Рамковна спогодба е составена во 14 ( четиринаесет ) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примерока за Корисникот на услугата, а по 2/два/ примерока за Давателот на услугата.

***за Давателиi на услугата ,***

***„ Але Дар " ДООЕЛ Кочани, Хотел Але Дар,***
***Управител,***

***( Лила Алексова )***

***„ Политехна-Компани " ДООЕЛ Кочани,***
***Мотел Осоговски Конак -Поникваа,***
***Управител,***

***( Владо Стојанов )***

***„ Центро-бизнис 92 " ДООЕЛ Виница,***
***Хотел Центро-бизнис 92 Виница,***
***Управител,***

***( Марија Панова )***

***„ Еуро Хотел Градче " ДОО Кочани, Хотел Градче***
***Управител,***

***( Тоше Стојановски )***

***„ Ледер ЛТД " ДООЕЛ Кочани, Хотел Ледер***
***Управител,***

***( Драгослав Здравков )***

***за Корисник на услугата ,***
***Градоначалник,***

***(Николчо Илијев )***

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки -Силвана Благонова*
*Согласен: Раководител на одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков*